**МАКЕДОНСКА РАЗВОЈНА ФОНДАЦИЈА ЗА ПРЕТПРИЈАТИЈА**
**Бр. 08-81/3-2009**
**01.10.2009 год.**
**СКОПЈЕ**

СОЈУЗ НА СТОПАНСКИ КОМОРИ НА МАКЕДОНИЈА
Стопанска Интересна Заедница
Бр. 0101-336/09
01 10 2009 год.
СКОПЈЕ

**Договорните страни:**

Македонска развојна фондација за претпријатија (во понатамошниот текст МРФП), ул."Никола Парапунов", бб., Скопје, МБ 5248850, ЕДБ 4030998351929, застапувана од Тетјана Лазаревска, Извршен директор,

**и**

Сојуз на стопански комори на Македонија (во понатамошниот текст ССК), ул. Прашка 23, 1000 Скопје, МБ 5899524, ЕДБ 4030004520115, застапуван од Златко Калеников, Претседател

**склучија**

# ДОГОВОР
# ЗА ПОДДРШКА НА ПРОЕКТ

1. МРФП е невладина и непрофитна организација чија цел е да ги поддржи можностите за вработување и развој на микро и малите бизниси преку обезбедување на еднаков пристап до финансиски услуги како и до нефинансиски услуги.
2. МРФП за остварување на целите го спроведува Деловниот план 2007 – 2011 г. (бр. 01-43/3-2007) (во понатамошниот текст: Деловен план);

Во рамки на Деловниот план, МРФП ја спроведува програмата Промоција на претприемништво, која предвидува активност "Градење на капацитети".

3. ССК има развиено иницијатива како што е опишано во документот за Проектот и има поднесено барање за финансирање до МРФП.
4. МРФП го има одобрено документот за проект (Одлука бр. 02-86/7 од 25/09/2009 г.) и се согласува да финансира дел од Проектот во максимален износ од 5.510.000 МКД.

## 1. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

1.1. МРФП и ССК се договорија за спроведување на проект, како што е опишан во документот за проект, со име "Поддршка на стратешки план на ССК", во МРФП регистриран како <u>МРФП 09 08 ППП 101</u>, деловоднички број 08-81/1-2009.

Документот за проект (бр. 08-81/1-2009), Прилог 1, е интегрален дел на овој Договор.

1.2. МРФП го категоризира Проектот како финансиска поддршка на проект. Трошоците паѓаат на сметка на Програмата за промоција на претприемништво за активноста "Јакнење на организации на претприемачи".

1.3. ССК ќе го спроведе Проектот во согласност со документот за проект.

Измените и дополнувањата се предмет на претходно писмено одобрување од МРФП.

1.4. Во рамките на спроведувањето на Проектот предмет на овој Договор, МРФП може да даде понатамошни препораки или писмени инструкции.

ССК е обврзана да ги следи овие инструкции.